ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2012 ГОДИНА

## ЈУ ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР " КАРПОШ " - Скопје СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787-15)

01 2013 05 01/4

**Скопје, февруари 2014 година**

# Содржина


| Опис | Страна |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1-5 |
| **Финансиски извештаи за 2012 и 2011 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 6 |
| Биланс на состојба | 7 |
| Преглед на промена на извори на капиталните средства за 2012 година | 8 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 9 |
| Сметководствени политики | 9-11 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 11-15 |
| Прилог Известување за преземени мерки | |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 22-131/5

Дата: 14.02.2014

ДО

ЈУ ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈУ Детски културен центар Карпош - Скопје (во натамошниот текст ДКЦ – Карпош) сметка на буџет од самофинансирачки активности (787-15), за 2012 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразуваме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината која е предмет на ревизијата, како и за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со ревизијата констатиравме неправилности во: извршениот попис, исплатата на надоместоци на надворешни соработници, наплатата на приходите од купување на карти и изнајмување на простор како и при доделувањето на договорите за јавни набавки.

Раководителот на субјектот потребно е да превземе соодветни мерки и активности за надминување на утврдените состојби.

На ден 27.01.2014 година до Државниот завод за ревизија, законскиот застапник на ДКЦ Карпош достави известување за постапување по дадените препораки содржани во ревизорскиот извештај на овластениот државен ревизор како и прилози за потврдување на преземените активности за надминување на утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 6 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на ДКЦ – Карпош - сметка на буџет од самофинансирачки активности, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2012 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ДКЦ – Карпош за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Ружа Ѓорѓевска, директор од 21.01.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ДКЦ – Карпош се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази кои што ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 18.11.2013 до 11.12.2013 кај ДКЦ Карпош од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Максим Ацески, помошник на главниот државен ревизор и ОДР;
- Сашко Геразов, виш ревизор и ОДР;
- Наташа Михаилова – виш ревизор и ОДР.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 19.12.2013 година.
На ден 27.01.2014 година до Државниот завод за ревизија, законскиот застапник на ДКЦ Карпош достави известување за постапување по дадените препораки содржани во ревизорскиот извештај на овластениот државен ревизор како и прилози за потврдување на преземените активности за надминување на утврдените состојби.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1 Финансиски извештаи

3.1.1 Ревизијата констатираше слабости и неправилности во врска со извршениот попис како и исплатата на надоместоци за надворешните лица ангажирани од страна на ДКЦ Карпош за реализација на манифестациите во организација на институцијата. Истите се наведени во точките 3.2.1 и 3.2.2 од Конечниот извештај на сметката на расходи на буџет на дотации (903-10) и се однесуваат за работењето преку оваа сметка.

3.1.2 ДКЦ Карпош во текот на 2012 година остваува приходи и од закуп на просторот даден на користење на установата, наплата на влезници за манифестациите кои се во организација на установата и членарина за членување во пооделни секции. Со извршената ревизија на наплатата на приходите по овој основ утврдивме одредени состојби и тоа:

- висината на надоместокот кој треба да се плати за купување на билети за манифестацииите во организација на установата не се определени со соодветен акт, или со одлука на УО на установата;
- висината на членарините за члeновите на пооделните секции кои функционираат во установата (фолклорна, драмска, ликовна итн), не се пропишани со Одлука на УО, односно истите се утврдени во записник од одржан состанок на УО од 2008 година, без притоа да се пристапи кон изработување на потребниот акт;
- приходите кои се остварени во текот на 2012 година по основ на издавање на деловниот простор не се пресметани врз основа на Одлуката за утврдување и определување на износ за изнајмување и користење на просториите и технички услуги донесена во 2007 година .

Утврдената состојба создава можност од пресметување на повисок или понизок износ на надоместоци кое има влијание на висината на остварените приходи.

На ден 27.01. 2014 година законскиот застапник до Државниот завод за ревизија достави Одлука за утврдување на цени за членарина во ДКЦ Карпош и Одлука за утврдување износ за изнајмување и користење на простории во ДКЦ Карпош.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе активности за доследно почитување и примена на:

- донесениот акт за утврдување на висината на влезниците за манифестации кои ги организира ДКЦ и висината на членарините на членовите на пооделните секции;
- донесениот акт за висината на закупнината за изнајмување на деловниот простор.

### 3.2 Користење на средства согласно Законот за јавни набавки

3.2.1 Ревизијата утврди слабости и неправилност во постапките за јавни набавки кои се однесуваат и на оваа сметка, а се наведени во точката 3.3.1. од Конечниот извештај на сметката на расходи на буџет на дотации (903-10). Во врска со овие набавки исплатени се средства во износ од 94 илјади денари за хотелско сместување на лица за манифестација во организација на институцијата без да се спроведе постапка за избор на најповолен понудувач согласно ЗЈН.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупните ефекти на прашањата изнесени во точка 3.1. кои се однесуваат на неправилности во извршениот попис, исплата на надоместоци на надворешни соработници и констатираните неправилности при наплатата на приходите влијаат на искажаното мислење за финансиските извештаи.

## 4 Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1.1 и 3.1.2 финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ДКЦ Карпош – сметка на буџет од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2012 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во во точката 3.1. и 3.2 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ДКЦ Карпош - сметка на буџет од самофинансирачки активности, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

ЈУ Детски Културен Центар "Карпош" - Скопје

Сметка на буџет на самофинансирачки активности (787-15)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 1.835 | 1.397 |
| **Вкупно приходи** | | **1.835** | **1.397** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 1.196 | 937 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 487 | 259 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.683** | **1.196** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | | - | 16 |
| **Вкупно капитални расходи** | | - | **16** |
| **Вкупно расходи** | | **1.683** | **1.212** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **152** | **185** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **152** | **185** |

ЈУ Детски Културен Центар "Карпош" - Скопје
Сметка на буџет на самофинансирачки активности (787-15)
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 152 | 185 |
| Побарувања | 4.1.2. | 69 | 68 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 109 | 73 |
| **Вкупно тековни средства** | | **330** | **326** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 367 | 447 |
| **Вкупно постојани средства** | | **367** | **447** |
| **Вкупна актива** | | **697** | **773** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 109 | 73 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 221 | 253 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **330** | **326** |
| **Долгорочни обврски** | | **0** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 367 | 447 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **367** | **447** |
| **Вкупна пасива** | | **697** | **773** |

ЈУ Детски Културен Центар "Карпош" - Скопје
Сметка на буџет на самофинансирачки активности (787-15)

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | 447 | 447 |
| **Зголемување по основ на:** | 40 | 40 |
| Набавки | 16 | 16 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 17 | 17 |
| Вишок по попис | 7 | |
| **Намалување по основ на:** | 120 | 120 |
| Отпис на капитални средства | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 13 | 13 |
| Амортизација | 107 | 107 |
| Исправка на вредност на констатиран вишок по попис | | |
| **Состојба 31.12.2012 година** | 367 | 367 |

## ВОВЕД

### Статус

**1.1.** ЈУ ДКЦ Карпош - Скопје е јавна (локална) установа од областа на културата чија организација, надлежност и работа е уредена со Законот за установите (Сл. Весник на РМ бр. 32/2005 и 51/2011) и е надлежна за вршење вон училишна, воспитно образовна, социјална, забавна и рекреативна дејност во вид на редовни активности, манифестации, прослави и одбележувања.
Согласно на одлуката за преземање на основачките права на организации од областа на културата бр.09-214/1 од 30.01.2004 година (Сл. Гласник на Град Скопје бр. 1/04) донесена од Советот на Град Скопје и договор за пренесување на недвижни ствари, опрема, вработени и други средства за работа од РМ на Град Скопје, склучен меѓу Владата на РМ и Град Скопје заведен во Министерство за Култура под бр. 02-5139/1 од 19.08.2005 година и кај Градот Скопје под бр. 08-2308/1 од 19.08.2005 г, ЈУ ДКЦ Карпош - Скопје е орган чиј основач е Градот Скопје.

На сметката на буџет од само-финансирачки активности, ДКЦ Карпош - Скопје најголем дел од приходите ги остварува врз основа на такси и надоместоци односно врз основа на надоместоци кои ги плаќаат членовите за учество во поодделните секции, од продажба на билети за одржани манифестации и од закупнини за издаден простор.

ЈУ ДКЦ Карпош – Скопје има седиште на бул. Илинден бр. 53 Скопје.

### Располагање со сметки

**1.2.** Овластен потписник со право на поединечно потпишување за располагање со средствата на сметката за средства од буџетот на РМ, е:

- Ружа Горѓеска, директор од 21.01.2011 година.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### Признавање на приходи и расходи

**2.1.** Приходите и другите приливи во Билансот на приходи и расходи се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале, според критериумот на мерливост и расположливост.

**2.2.** Проценети приходи во Билансот на приходи и расходи се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите.

**2.3.** Во приходи не влегуваат: добиените материјални и нематеријални средства на подарок или по друга основа отстапени без надомест, вишоци утврдени по

попис или на друг начин остварени средства во материјален облик искажани во изворите како деловни средства.

2.4. Приходите кои не се наплатени до денот на нивната пристигнатост за наплата се искажуваат како пасивни временски разграничувања.

2.5. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

2.6. Проценетите расходи во Билансот на приходи и расходи се извршените расходи согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите.

2.7. Расходите кои не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

2.8. Во расходи не влегуваат: подароците или на друг начин преотстапени материјални и нематеријални средства, отпишани или оштетени средства, кусоците на средства, отпишаните побарувања и другите вонредни расходи кои се искажани на товар или во полза на капиталните средства.

**Проценување на билансните позиции**

2.9. ЈУ ДКЦ Карпош–Скопје води посебно сметководство за средствата од буџетот, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

2.10. Проценувањето на билансните позиции се спроведува според сметководственото начело на парично искажување.

2.11. Долгорочните и краткорочните средства се проценуваат по нивната набавна вредност зголемена со издатоците кои директно можат да се додадат на расходите за набавката.

2.12. Паричните средства на сметките и во благајните во домашна валута се проценуваат според нивниот номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

2.13. Побарувањата и обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

2.14. Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност се класифицираат како расходи и се отпишуваат еднократно во целина при набавката.

**Амортизација и ревалоризација**

**2.15.** Корисниот век на употреба односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјални средства се спроведува со примена на годишните стапки за отпис согласно Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници со праволиниска метода на отпис.

**2.16.** Основицата за отпис (пресметување на амортизација) се коригира за последователните издатоци со кои се подобрува состојбата на средството над неговиот корисен век на употреба, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалната способност.

**2.17.** За износот на пресметаната амортизација се намалуваат нематеријалните и материјалните средствата и изворите на средствата.

**2.18.** Материјалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење на дејноста. Нематеријалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

**2.19.** Отпишувањето на нематеријалните и материјални средства може привремено да се прекине за средствата што се оштетени од виша сила, до нивното оспособување за користење.

**2.20.** Изворите на средства во билансот на состојба кај ЈУ ДКЦ Карпош –Скопје се проценуваат според утврдената вредност на стекнатиот:

- Државен - јавен капитал (постојани материјални средства);

## 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Приходи

#### 3.1.1. Неданочни приходи

Оваа позиција е проценета во висина на износите на средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите, во вкупен износ од 1.835 илјади денари во 2012 година (2011 година – 1.397 илјади денари). Овие приходи детскиот културен центар ги остварува од месечни членарини на членовите од учество во поодделните секции (фолклорна, ликовна и драмска секција ), приходи од продадени билети за одржани манифестации, приходи остварени врз основа на издавање на простор под закуп уредено со поодделни договори, надоместоци за издавање на простор со цел одбележување на поодделни настани како и добиена донација за патни трошоци за учество на фолклорната секција на меѓународни манифестации со цел промовирање на македонскиот фолклор.

## 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат расходи за патување во земјата и странство;
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт кои ги опфаќаат расходите за комунални услуги, комуникација и транспорт;
- материјали и ситен инвентар, кои опфаќаат расходи за: административни материјали, прехранбени продукти и пијалаци, материјали за поправки и одржување и други материјали за посебна намена;
- поправки и тековно одржување, кои опфаќаат расходи за: поправки и одржување на возила, поправки и одржување на згради и поправки и одржување на мебел, опрема и машини;
- договорни услуги, кои опфаќаат банкарски и осигурителни услуги и други осигурителни услуги ;
- други тековни расходи кои опфаќаат расходи за репрезентација.

**во 000 денари**

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Патни и дневни расходи | 47 | 23 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 285 | 112 |
| Материјали и ситен инвентар | 23 | 85 |
| Поправки и тековно одржување | 79 | 67 |
| Договорни услуги | 417 | 356 |
| Други тековни расходи | 345 | 294 |
| **Вкупно:** | **1.196** | **937** |

### 3.2.2.Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- Разни трансфери кои се однесуваат на превоз на ученици на турнеи во тековната година како и исплата на трошоци кон авторска агенција за тековната година како и исплата на трошоци кон авторска агенција за повремено ангажирање на лица за потребите на детскиот културен центар.

**во 000 денари**

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Разни трансфери | 487 | 259 |
| **Вкупно:** | **487** | **259** |

# 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## АКТИВА

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета според номинален износ од 152 илјади денари и ги опфаќа паричните средства што се наоѓаат на сметката со состојба на 31.12.2012 година, (2011 – 185 илјади денари).

#### 4.1.2. Побарувања

Оваа позиција во 2012 година е проценета во износ од 69 илјади денари (2011 година - 68 илјади денари) и се однесува на побарувања на детскиот културен центар кои потекнуваат од мината година по основ на издавање на простор на користење.

#### 4.1.3. Активни временски разграничувања

Оваа позиција во 2012 година е проценета во износ од 109 илјади денари (2011 година – 73 илјади денари) и се однесуваат во најголем дел на обврски кон авторска агенција кои потекнуваат врз основа на ангажирани лица со авторски договори во 2012 година.

### 4.2. Постојани средства

#### 4.2.1. Материјални средства

Оваа позиција е проценета во висина на капиталните вложувања за стекнување на материјални средства.

Состојбата и промените на материјалните средства во 2012 година се прикажани аналитички по групи во табелата во продолжение на Образложенијата на овој извештај.

**ПРОМЕНИ КАЈ ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА ВО 2012 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Опрема | ВКУПНО |
|---|---|---|
| | 1 | 2 |
| | 022 | |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2012** | 940 | 940 |
| Набавки во текот на годината | 16 | 16 |
| Пренос од средства во подготовка | | - |
| Вишок по попис | 59 | |
| **Вкупни зголемувања:** | 75 | 75 |
| Расходување | 60 | 60 |
| Преотстапени постојани средства | | - |
| **Вкупно намалување** | 60 | 60 |
| Ревалоризација | 30 | 30 |
| **Состојба на ден 31. Декември 2012** | 985 | 985 |
| **Исправка на вредност** | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2012** | 493 | 493 |
| Амортизација за тековната година | 107 | 107 |
| Исправка на вредност на констатиран вишок по попис | 52 | 52 |
| Преотстапени материјални средства | | - |
| Расходи и отугувања | (47) | (47) |
| Отстапување без надомест | | - |
| Ревалоризација | 13 | 13 |
| **Состојба на ден 31.Декември 2012** | 618 | 618 |
| НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2012 | 367 | 367 |
| НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2011 | 447 | 447 |

## ПАСИВА

### 4.3. Тековни обврски

#### 4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачи

Оваа позиција во 2012 година е проценета во износ од 109 илјади денари (2011 година - 73 илјади денари), и се однесува на неизмирени обврски спрема добавувачи за набавени стоки и услуги .

#### 4.3.2. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција во 2012 година е проценета во износ од 221 илјади денари (2011 година – 253 илјади денари) и се однесува на состојба во висина од 69 илјади денари

прикажани на позицијата ПВР која потекнува од минати години, како и остварен вишок на приходи над расходи во висина од 152 илјади денари.

### 4.4.Извори на капитални средства

#### 4.4.1 Државен јавен капитал

Оваа позиција во 2012 година е проценета во износ од 366 илјади денари (2011 година – 446 илјади денари) во висина на сегашната вредност на евидентираните материјални средства.